**3126.**

Врз основа на член 219 став (2) од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08 и 6/09), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ВОДИ

Член 1

Со оваа одлука се формира Национален совет за води како советодавно тело, заради разгледување на прашањата за управување со водите, усогласување и координирање на различните потреби и интереси, како и предлагање на различни мерки за зачувување, заштита и постојано подобрување на режимот на водите на територијата на Република Македонија.

Член 2

Националниот совет за води е составен од девет члена и тоа:

1. Илбер Мирта од Министерството за животна средина и просторно планирање, претседател;
2. Доц. д-р Михаил Кочубовски од Министерството за здравство;
3. Љубиша Георгиевски од Министерството за транспорт и врски;
4. Јетон Кучи од Министерството за економија;
5. Благоја Стоилов од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
6. Стојан Лазаров од Заедницата на единиците на локалната самоуправа;
7. Проф. д-р Трајче Стафилов од Македонската академија на науките и уметностите;
8. Руска Мицева од Еколошкото друштво „Вила Зора“ и
9. Еден претставник од Советот за управување со Вардарскиот речен слив, кој ќе биде именуван по конституирањето на Советот за управување со Вардарскиот речен слив во Република Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 19-6221/1
7 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

---

**3127.**

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА КАБИНЕТОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник – Генерален секретаријат на Влада на Република Македонија му престанува користењето на движните ствари и тоа:

| МОДЕЛ | Сериски бр. | Инвентарен Бр. | Оптички глушец | Полнач – Инвентарен бр. | Торба за преносен компјутер |
|---|---|---|---|---|---|
| Ф Сименс АМИЛО Про В 800 | YBEU014443 | 60037 | Оптички глушец | Amilo Pro - 060203 | Торба за преносен компјутер |
| Ф Сименс АМИЛО Про В 800 | YBEU014424 | 60061 | Оптички глушец | Amilo Pro - 060200 | Торба за преносен компјутер |
| Ф Сименс АМИЛО Про В 800 | YBEU014427 | 60060 | Оптички глушец | Amilo Pro - 060211 | Торба за преносен компјутер |
| Ф Сименс АМИЛО Про В 800 | YBEU014402 | 60017 | Оптички глушец | Amilo Pro - 060222 | Торба за преносен компјутер |
| Ф Сименс АМИЛО Про В 800 | YBEU014441 | 60071 | Оптички глушец | Amilo Pro - 060209 | Торба за преносен компјутер |
| Ф Сименс АМИЛО Про В 800 | YBEU014404 | 60013 | Оптички глушец | Amilo Pro - 060220 | Торба за преносен компјутер |

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на времено користење без надомест на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, за период од шест месеци од денот на влегување во сила на оваа одлука.

Член 3

Генералниот секретар на Владата на Република Македонија ќе склучи договор со Генералниот секретар на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на движните ствари од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-6233/1
7 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.